Република Северна Македонија
ЈУМ Центар за социјална работа
Свети Николе
Бр.04-982/7
дата: 25.11.2019 година

Врз основа на член 212 став.17 и 18 од Законот за социјалната заштита (Сл. весник на РСМ бр. 104/19 и 146/19) , чл. 22 став 1 алинеја 9 од Статутот на Установата, како и Записникот на Комисијата за селекција на кандидат б р.04-982/6 од 21.11.2019г , Директорот на ЈУМ Центар за социјална работа , во врска со објавениот Јавен оглас бр. 04-982/1 од 29.10.2019 година донесе:

**О Д Л У К А**
**За избор на кандидат за вработување**

1. За извршител на работно место –тријажер дипл.соц.работник во ЈУМ Центар за социјална работа Свети Николе во Службата за права од социјална заштита по спроведната постапка по Јавниот оглас бр. 04-982/1 од 29.10.2019 год. се избира кандидатот **Катерина Сенева Конева.**
2. За извршител на работно место –правник-стручен службеник од 5 ниво во ЈУМ Центар за социјална работа Свети Николе во Службата за права од социјална заштита по спроведната постапка по Јавниот оглас бр. 04-982/1 од 29.10.2019 год. се избира кандидатот **Весна Ѓорчева Ефтимова**.
3. Именуваните ќе бидат вработени на пробна работа на работно место од претходната точка, по конеченоста на оваа Одлука.
4. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.
5. Одлуката да се објави на огласна табла или на веб страницата на установата .

**О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е**

По јавениот оглас бр. 04-982/1 од 29.10.2019 година објавен на ден 31.10.2019 година во дневните весници Слободен Печат и Коха за вработување на двајца извршители даватели на услуга на на работно место тријажер- дипл.социјален работник и правник стручен службеник од 5 ниво во ЈУМ Центар за социјална работа Свети Николе во службата за права од социјална заштита , а врз основа на претходно добиена согласност од Министерството за финасии за обезбедени финасиски средства за вработување на работници, бр.18-8670/2 од 21.10.2019 година, спроведена е постапка за вработување согласно Законот за социјалната заштита.

Директорот на Установата формира Комисија за селекција на кандидат со Решение бр. 04-982/3 од 01.11.2019 од редот на давателите на услуги и еден член од административните службеници кои работи со човечки реусрси.Од страна на Комисијата за селекција на кандидат беа разгледани поднесените пријави и документи од потенцијалните кандидати и оценета е веродостојноста на истите при што е констатирано дека за првото работно место тријажер има пет кандидати, а за второто работно место правник –стручен службеник има 4 кандидати кои ги исполнуваат општите и посебните услови и ги имаат поднесено сите потребни документи.

Врз основа на чл. 212 став 17 од Законот за социјалната заштита, како и врз основа на записникот од Комисијата за селекцијата бр. 04-982/6 од 21.11.2019 година со предлог ранг листа за двете работни места, Директорот на ЈУМ центар за социјална работа Свети Николе донесе одлука како во диспозитивот.

**ПРАВНА ПОУКА**:Против оваа одлука незадоволниот кандидат има право на жалба во рок од 8 дена од приемот на истата преку Центарот до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

**Доставено до :**
-архива
-кандидати

**ЈУМ Центар за социјална работа**
**Свети Николе**
**Д и р е к т о р**
**Мелита Стојкова**